Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**MINISTRIA E EKONOMISE**

**П Р И Л О Г**
**SHTOJCA**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

## RAPORT PËR VLERËSIMIN E NDIKIMIT TË RREGULLATIVËS

| | |
|---|---|
| Назив на министерство:<br>Emri i Ministrisë: | Министерство за економија<br>Ministria e Ekonomisë |
| Назив на предлогот на закон:<br><br>Titulli i Projektligjit: | Предлог на закон за метрологијата<br>Propozim ligji për metrologji |
| Одговорно лице и контакт информации:<br>Personi përgjegjës dhe kontakt informcionet: | Мерита Мустафаи, директор на Бирото за метрологија<br>Тел: 02/2 403 676<br>Урим Ибраими, државен советник за внатрешен пазар<br>Тел: 02/3 093 537<br>Нериман Џеладини, раководител на Сектор за внатрешен пазар<br>Тел. 02/3 093 512<br>Merita Mustafai, drejtoreshë e Byrosë për metrologji<br>Tel: 02/2 403 676<br>Urim Ibraimi, Këshilltarë Shtetëror i Tregut të Brendshëm<br>Tel: 02/3 093 537<br>Neriman Xheladini, Udhëheqëse e Sektorit të Tregut të Brendshëm<br>Tel. 02/3 093 512 |
| Вид на Извештај:<br><br>Lloji i Raportit: | ☒Нацрт<br>☒Draft<br><br>☐Предлог<br>☐ropozim |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од:<br><br>Detyrimi për përgatitjen e propozim ligjit rrjedh nga: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☒ Programi Vjetor i Punës i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut<br><br>☒ НПАА<br>☒ NPAA<br><br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ Konkluzion i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut<br><br>☐Друго ____________________<br>☐Tjera ____________________ |

**Влада на Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**MINISTRIA E EKONOMISE**

| | |
|---|---|
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: Lidhshmëria me Direktivat e BE-së: | ДА/РО |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: A përmban projektraporti informacione në përputhje me rregulloret që kanë të bëjnë me informacionet e klasifikuara: | ☐Да<br>☐Po<br>☒Не<br>☒Jo |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: Data e publikimit të projektraportit të ENER: | Јули 2022 година<br>Korrik vitit 2022 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: Data e dorëzimit të Projektraportit deri te Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës: | Јули 2022 година<br>Korrik vitit 2022 |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: Data e marrjes së mendimit të Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат Afati i dorëzimit të Projektligjit deri te Sekretariati i Përgjithshëm | Септември 2022 година<br>Shtator vitit 2022 |

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**MINISTRIA E EKONOMISE**

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот
## 1. Përshkrimi i gjendjeve në fushë dhe përcaktimi i problemit

### 1.1 Опис на состојбите
### 1.1 Përshkrimi i gjendjes

Во легислативата на Република Северна Македонија со Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 215/21) се уредуваат прашањата поврзани со метролошкиот систем во Република Македонија; надлежноста на Бирото за метрологија; законските мерни единици; еталоните; референтните материјали; прометот и употребата на мерилата; оцената на сообразноста на типот на мерилата; оцена на сообразноста на мерилата и суштествените барања; верификација на мерилата; важноста на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло; метролошкиот надзор над количините и ознаките на количините на пакуваните производи; надзорот над примената на овој закон и други прашања од значење за метролошкиот систем заради обезбедување мерно единство во Републиката и со светот.
Në legjislacionin e Republikës së Maqedonisë së Veriut me Ligjin për metrologji ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/ 15, 53/16, 64/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" 215/21) rregullohen çështjet lidhur me sistemin metrologjik në Republikën e Maqedonisë; kompetencat e Byrosë për metrologji; njësitë ligjore matëse; etalonet; materialet e referencës; qarkullimin dhe përdorimin e matësve; vlerësimin e konformitetit të llojit të instrumentit matës; vlerësimin e konformitetit të kritereve dhe kërkesave thelbësore; verifikimin e matësve; rëndësinë e shenjave dhe certifikatave të konformitetit me llojin e instrumenteve matëse dhe shenjat dhe vulat, respektivisht certifikatat për verifikimin e matësve me origjinë të huaj; mbikëqyrjen metrologjike mbi sasitë dhe shënimet e sasive të produkteve të paketuara; mbikëqyrjen e zbatimit të këtij ligji dhe çështje të tjera me rëndësi për sistemin metrologjik me qëllim të sigurimit të unitetit të matjes në Republikë dhe me botën,
Република Северна Македонија како земја кандидат за влез во ЕУ потребно е да го усогласи своето законодавство со она на ЕУ, како и да обезбеди примена на истото преку постигнување на целите и стандардите утврдени во истото. Во таа насока, во предлог законот се транспонираат одредбите од Директивата 2014/31/ЕУ, Директивата 2014/32/ЕУ и Регулативата (ЕУ) бр.210/2014. Воедно, со овој предлог закон се воспоставува правна рамка која ќе овозможува понатамошно транспонирање на законодавството на ЕУ од ова област, во подзаконските акти предвидени да се донесат врз основа на овој закон.
Republika e Maqedonisë së Veriut, si vend kandidat për hyrje në BE, duhet të harmonizojë legjislacionin e saj me atë të BE-së, si dhe të sigurojë zbatimin e tij duke arritur qëllimet dhe standardet e përcaktuara në të. Në këtë drejtim, në propozim ligjin transponohen dispozitat e Direktivës 2014/31/BE, Direktivës 2014/32/BE dhe Rregullativës (BE) Nr. 210/2014. Në të njëjtën kohë, me këtë ligj të propozuar vendoset kornizë juridike që do të mundësojë transponimin e mëtejshëm të legjislacionit të BE-së në këtë fushë, në aktet nënligjore që parashikohen të miratohen në bazë të këtij ligji.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување
### 1.2 Arsyet për problemet të cilat janë lëndë në shqyrtim

Спроведувањето на постојниот закон покажа одредени слабости и неможност да се постигнат основните цели на законот во поглед на дефинирање на консолидиран, унифициран и разбирлив пристап при спроведувањето на метролошкиот надзор.
Zbatimi i ligjit ekzistues tregoi disa dobësi dhe pamundësi për të arritur qëllimet themelore të ligjit në drejtim të përcaktimit të një qasjeje të konsoliduar, të unifikuar dhe të kuptueshme për zbatimin e mbikëqyrjes metrologjike.
Воедно при спроведувањето на законот се воочи и потребата од институционална преобразба на статусот на Бирото за метрологија кое иако е орган во состав на Министерството за економија при спроведувањето на работите на неговата надлежност постапува независно и самостојно така што е потребно вработените во Бирото за метрологија да се иземат од одредени постапки во поглед на вработувањето,организацијата на работењето и систематизацијата на работните места и со тоа начинот на определување на висината на платата кои erga omnes се применуваат на останатите административни службеници согласно Законот за административни службеници. Исто така се воочи основаноста за утврдување на уште една надлежност на Бирото за метрологија во поглед на контролата на квалитетот на нафтените деривати и горива за транспорт со што Република Северна Македонија ќе востанови еднообразен и квалификуван пристап кон определувањето на квалитетот на нафтените деривати кои се пуштаат на пазарот со што не само што ќе се зајакне контролата туку индиректно ќе се обезбеди и заштитата на потрошувачите и очувување на заштитата на животната средина и природата и јавното здравје на граѓаните.
Njëherësh, gjatë zbatimit të ligjit u vërejt nevoja për transformim institucional të statusit të Byrosë së metrologjisë, e cila edhe pse është organ në kuadër të Ministrisë së Ekonomisë, vepron në mënyrë të pavarur dhe autonome në zbatimin e punëve në kompetencë të saj, kështu që nevojitet të punësuarit në Byronë e metrologjisë të përjashtohen nga disa procedura lidhur me punësimin, organizimin e punës dhe sistematizimin e vendeve të punës dhe në këtë mënyrë edhe mënyra e përcaktimit të lartësisës së pagës që erga omnes zbatohet për nëpunësit e tjerë administrativë në përputhje me Ligjin për nëpunës administrativ. Gjithashtu u vërejtë edhe nevoja për përcaktimin e edhe një kompetence tjetër të Byrosë së metrologjisë në lidhje me kontrollin e cilësisë së derivateve të naftës dhe derivateve për transport, me çka Republika e Maqedonisë së Veriut do të vendos një qasje uniforme dhe të kualifikuar për përcaktimin e cilësisë së derivateve të naftës që hidhen në treg, me çka jo vetëm që do të forcohet kontrolli, por edhe do të sigurohet në mënyrë indirekte mbrojtja dhe ruajtja e konsumatorëve dhe ruajtjen e mjedisit jetësor dhe natyrës dhe shëndetit publik të qytetarëve.
Следејќи ги обврските детерминирани во Спогодбата за стабилизација и асоцијација и иновираното Aqie communitare, а со оглед на тоа дека основниот текст на Законот за метрологија е од 2002 година, се наметна потребата и од структурно надоградување на одредбите на постојниот закон со кој на комплексен и интегриран начин ќе се отсликаат процедурите за вршење на метролошки надзор кои би биле хармонизирано со законодавството на Европската унија.
Duke i ndjekur detyrimet e determinuara në Marrëveshjen e Stabilizim Asociimit dhe Aqie communitare inovative, e duke marrë parasysh se teksti themelor i Ligjit për metrologjinë është i vitit 2002, u imponua nevoja për sendërtim strukturor të dispozitave të ligjit ekzistues, me të cilin në mënyrë komplekse dhe të integruar Kjo do të reflektojë procedurat për ushtrimin e mbikëqyrjes metrologjike që do të harmonizohen me legjislacionin e Bashkimit Evropian.
Поради брзиот технолошки развој и динамичното секојдневие на граѓаните на Република Македонија, се наметна потребата од воспоставување на Национален портал за електронски услуги, Каталог на услуги и Една точка за услуги, како и нивно законско утврдување. Националниот портал за услуги и каталогот на услуги ќе имаат повеќе функционалности. Електронските услуги ќе бидат достапни до највисоко ниво

на софистицираност, односно од моментот на поднесување на барање за некоја услуга до самото добивање на актот.
Për shkak të zhvillimit të shpejtë teknologjik dhe përditshmërisë dinamike të qytetarëve të Republikës së Maqedonisë, lindi nevoja për themelimin e Portalit kombëtar për shërbime elektronike, Katalogut të shërbimeve dhe Një pikë për shërbime, si dhe përcaktimin ligjor të tyre. Portali kombëtar i shërbimit dhe katalogu i shërbimeve do të kenë më shumë funksionalitete. Shërbimet elektronike do të jenë të disponueshme deri në nivelin më të lartë të sofistikimit, pra nga momenti i parashtrimit të kërkesës për ndonjë shërbim deri në vetë marrjen e aktit.
За подобрување на квалитетот на живот на граѓаните неопходно е сите процеси во Република Северна Македонија да бидат дигитализирани, посебно услугите кои се даваат на физичките и правните лица за да се забрзаат процедурите за добивање на документи, решенија, лиценци, сертификати и слично.
Për përmirësimin e cilësisë së jetës së qytetarëve, është e domosdoshme që të gjitha proceset në Republikën e Maqedonisë së Veriut të digjitalizohen, veçanërisht shërbimet që ofrohen për personat fizikë dhe juridikë me qëllim të përshpejtimit të procedurave për marrjen e dokumenteve, zgjidhjeve, licencave, certifikatave etj.

## 2. Цели на предлог регулативата
## 2. Qëllime të propozimrregullores

Основните цели на овој законот се:
- да се обезбеди високо ниво на заштита на здравјето на граѓаните и на животната средина при дефинирање и спроведување на политиките и активностите во областа на метрологијата и
- да се постигне високо ниво на заштита на потрошувачите преку мерките кои се донесени во врска со надзорот над прометот и употребата на мерилата на пазарот на Република Северна Македонија.

Покрај основните цели, со овој закон треба да се постигнат и следниве цели:
- се осигури дека мерилата се безбедни, исправни и во согласност со општите барања за метролошки надзор;
- да се обезбеди заштита на животната средина од ризиците кои би можеле да произлезат од неквалитни нафтени деривати и горива за транспорт;
- унифицираност на примена на одредени мерила и ознаки на пакувања на производите;
- следливост на сообразноста на мерилата со општите и поединечните барања за метролошки надзор и
- да се обезбеди високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и на животната средина, преку оценување на ризиците поврзани со пласирање и употреба на мерила, со истовремено подобрување на функционирањето на пазарот преку хармонизација на правилата за пласирање на пазарот на мерилата.
- да се обезбеди ефикасно и ефективно давање на електронски услуги на корисниците

Qëllimet themelore të këtij ligji janë:
- të sigurojë nivel të lartë të mbrojtjes së shëndetit të qytetarëve dhe mjedisit jetësor gjatë përcaktimit dhe zbatimit të politikave dhe aktiviteteve në fushën e metrologjisë dhe
- të arrihet nivel i lartë i mbrojtjes së konsumatorëve përmes masave që janë miratuar në lidhje me mbikëqyrjen e qarkullimit dhe përdorimit të matësve në tregun e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Krahas qëllimeve themelore, ky ligj duhet të arrijë edhe këto qëllime:
- të sigurojë që matësit janë të sigurtë, në rregull dhe në përputhje me kërkesat e përgjithshme për mbikëqyrjen metrologjike;
- të sigurojë mbrojtjen e mjedisit jetësore nga rreziqet që mund të lindin nga derivatet të naftës dhe karburanteve jocilësor për transport;
- unifikimin e aplikimit të masave dhe shenjave të caktuara në paketimin e produktit;
- ndjekje të konformitetit të masave me kërkesat e përgjithshme dhe individuale për mbikëqyrjen metrologjike dhe

- të sigurojë nivel të lartë të mbrojtjes së shëndetit të njerëzve dhe mjedisit jetësor, duke vlerësuar rreziqet që lidhen me vendosjen dhe përdorimin e pajisjeve matëse, duke përmirësuar njëkohësisht funksionimin e tregut nëpërmjet harmonizimit të rregullave për vendosjen e matësve në treg.
- të sigurojë dhënie efikase dhe efektive të shërbimeve elektronike për përdoruesit

## 3. Можни решенија (опции)
## 3. Zgjidhje (opsione) të mundshme

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"
### 3.1 Përshkrimi i zgjidhjes "nuk bënë asgjë"

Доколку не се пристапи кон носење на нов Закон за метрологијата нема да можат да се постигнат основните цели во поглед на дефинирање на консолидиран, унифициран и разбирлив пристап при спроведувањето на метролошкиот надзор. Исто така Република Северна Македонија како кандидат за членство во Европската унија ќе стагнира во усогласувањето на своето национално законодавство со законодавството на ЕУ.

Ова не е прифатлива опција бидејќи со одбирањето на оваа опција нема да се постигнат горенаведените цели.

Nëse nuk shkohet drejt miratimit të ligjit të ri për metrologjinë, nuk do të mund të arrihen qëllimet themelore në aspektin e përcaktimit të qasjes së konsoliduar, unifikuar dhe të kuptueshme për zbatimin e mbikëqyrjes metrologjike. Gjithashtu, Republika e Maqedonisë së Veriut si kandidate për anëtarësim në Bashkimin Evropian do të ngecë në harmonizimin e legjislacionit të saj kombëtar me legjislacionin e BE-së.

Ky nuk është një opsion i pranueshëm meqë me zgjedhjen e këtij opsioni nuk do të arrihen qëllimet e lartpërmendura.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот
### 3.2 Përshkrimi zgjidhjeve të mundshme (opsione) për zgjidhjen e problemit

Да се донесе нов Закон за метрологијата во кој ќе бидат инкорпорирани Директивата 2014/31/ЕУ, Директивата 2014/32/ЕУ и Регулативата (ЕУ) бр.210/2014. Да се се воспоставува правна рамка која ќе овозможува понатамошно транспонирање на законодавството на ЕУ од ова област, во подзаконските акти предвидени да се донесат врз основа на овој закон. Со донесувањето и спроведувањето на овој закон, истотака ќе се придонесе кон подобрување на работењето на Бирото за метрологија, ќе се опесни пристапот за увоз и пласман на мерила и поефективно спроведување на метролошкиот надзор.

Të miratohet ligj i ri për metrologjinë me të cilin do të inkorporohen Direktiva 2014/31/BE, Direktiva 2014/32/BE dhe Rregullativa (BE) Nr. 210/2014. Të vendoset kornizë juridike që do të mundësojë transponimin e mëtejshëm të legjislacionit të BE-së në këtë fushë, në aktet nënligjore që planifikohen të miratohen në bazë të këtij ligji. Me miratimin dhe zbatimin e këtij ligji, gjithashtu do të kontribuohet në përmirësimin e punës së Byrosë së metrologjisë, do të përmirësohet qasja ndaj importit dhe vendosjes së matësve dhe zbatimi më efektiv i mbikëqyrjes metrologjike.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата
## 4. Vlerësimi i ndikimit të rregullativës

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:
Ndikime të mundshme pozitive dhe negative nga secili opsion:

4.1 Економски влијанија
4.1 Ndikime ekonomike

Со овој предлог на закон не се очекуваат нови материјални обврски за субјектите кои постапуваат со мерилата кои ги ставаат во промет. Меѓутоа со оглед на тоа дека се воведува нов пристап во постапката за верификација на мерила во делот на подготовка за верификација, како и инсталирањето на мерилата на одредени фискални импликации ќе бидат подложени сите правни субјекти кои се должни да спроведат периодична и вонредна верификација бидејќи во постапката е иновиран нов тип на правен субјект кој за спроведената постапка за подготовка на верификација ќе наплатува надоместок, кој според постојниот закон не е утврден.
Воедно и инсталацијата на мерните уреди е новитет на овој предлог закон која во иднина ќе ја врши овластено правно лице, што значи дека сите оператори на системи за топлотна енергија, електрична енергија, нафтени деривати, гас и други мерни уреди кои се дел од одреден систем, ќе бидат должни за постапките за инсталација на мерни уреди во иднина да сносат трошоци при нивно поставување, замена или дефект.

Me këtë propozim të ligjit nuk priten detyrime të reja materiale për subjektet që veprojnë me matësit që i hedhin në qarkullim. Megjithatë, duke marrë parasysh se vendoset një qasje e re në procedurën e verifikimit të standardeve në pjesën e përgatitjes për verifikim, si dhe vendosjes së standardeve, disa implikime fiskale do t'u nënshtrohen të gjitha subjektet juridike që janë të detyruara të zbatojnë verifikimi periodik dhe tëjashtëzakonshëm meqë në procedurë është inovuar një lloj i ri i personit juridik, i cili do të arkëtojë kompensim për procedurën e përgatitjes së verifikimit, që sipas ligjit ekzistues nuk është përcaktuar.
Njëherësh, edhe instalimi i pajisjeve matëse është risi e këtij ligji të propozuar, që në të ardhmen do ta ushtrojë personi i autorizuar juridik, që do të thotë se të gjithë operatorët e sistemeve për energjinë termike, energjinë elektrike, derivatet e naftës, gazin dhe pajisjet tjera matëse që janë pjesë e sistemi të caktuar, do të detyrohen që për procedurat e instalimit të pajisjeve matëse në të ardhmen të bartin shpenzime gjatë veprimit, zëvendësimit ose defektit të tyre.

4.2 Фискални влијанија
4.2 Ndikime fiskale

Со предлог на Законот за вршење на официјални контроли не се утврдуваат дополнителни обврски од досегашните кои наметнуваат дополнителни финансиски последици за буџетот на централната или локалната власт.
Me propozimin e Ligjit për ushtrimin e kontrolleve zyrtare, nuk përcaktohen detyrime shtesë nga ato ekzistuese që imponojnë pasoja plotësuese financiare për buxhetin e pushtetit qendror ose vendor.

4.3 Социјални влијанија
4.3 Ndikime sociale

- Со предлог на Законот се постигнува високо ниво на заштита на потрошувачите преку мерките кои се донесени во врска со надзорот над прометот и употребата на мерилата во пазарот на Република Северна Македонија.
- - Me propozimin e Ligjit arrihet nivel i lartë i mbrojtjes së konsumatorëve përmes masave të miratuara në lidhje me mbikëqyrjen e qarkullimit dhe përdorimit të matësve në tregun e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

4.4 Влијанија врз животната средина
4.4 Ndikimi mbi mjedisin jetësor

Со предлог на Законот не се утврдуваат негативни влијанија врз животната средина, напротив ќе се обезбеди заштита на животната средина од ризиците кои би можеле да произлезат од неквалитетни нафтени деривати и горива за транспорт
Me propozimin i Ligjit nuk përcaktohen ndikime negative mbi mjedisin jetësor, përkundrazi, do të sigurojë mbrojtjen e mjedisit jetësor nga rreziqet që mund të dalin nga derivatet e naftës dhe karburantet jocilësore për transport.

4.5 Административни влијанија и трошоци –
4.5 Ndikimi administrativ dhe shpenzimet -

а) трошоци за спроведување
a) shpenzimet për zbatim

Законското решение ќе предизвика трошоци за спроведување од причина што Министерството за економија ќе треба да го прилагоди својот сервер со надоградба на софтвер и хардвер за потребите на процесот за дигитализација на услугите.

Zgjidhja ligjore do të shkaktojë shpenzime për zbatim per shkak se Ministria e Ekonomisë do të duhet të përshtatë serverin e saj duke përmirësuar softuerin dhe harduerin për nevojat e procesit për digjitalizimin e shërbimeve.

б) трошоци за почитување на регулативата
b) shpenzime e respektimit të rregullativës

Со новото законско решение не се предлага воведување на нови административни оптоварувања, формалности и трошоци.

Me zgjidhjen e re ligjore nuk propozohet vendosje e ngarkesave të reja administrative, formalitete dhe shpenzime.

## 5. Консултации
## 5. Konsultime

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување
5.1 Palët e interesuara dhe mënyra e përfshirjes

Предлог на законот за метрологијата беше прикачен на Електронски национален регистар на прописи на Република Северна Македонија каде сите засегнати страни можат да дадат свои забелешки и коментари по предметниот закон. Министерството за економија го испрати Предлог на законот за метрологијата на мислење до следните надлежни институции:
-Секретаријат за законодавство
Секретаријат за европски прашања
-Министерство за правда
-Министерство за финансии
-Министерство за информатичко општество и администрација
-Инспекциски совет
-Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжена за политики за добро владеење

Propozim i ligjit për metrologji është vendosur në Regjistrin kombëtar elektronik të rregulloreve të Republikës së Maqedonisë së Veriut ku të gjitha palët e interesuara mund të japin vërejtjet dhe komentet e tyre për ligjin në fjalë. Ministria e Ekonomisë ka dërguar Propozim Ligjin për metrologji tek institucionet kompetente si vijon:
- Sekretariati për Legjislacion
- Sekretariati për Çështjet Evropiane
- Ministria e Drejtësisë

- Ministria e Financave
- Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
- Këshilli inspektues
- Zëvendëskryetari i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, përgjegjës për politikat për qeverisje të mirë

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења
5.2 Pasqyrë e mendimeve të marra dhe të ndërtuara

Мислењата од надлежните институции и засегнатите страни ќе бидат разгледани во подоцнежната фаза во проценката на влијанието на регулативата
Mendimet nga institucionet kompetente dhe palët e interesuara do të merren parasysh në fazë të mëvonshme në vlerësimin e ndikimit të rregullativës.

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто
5.3 Mendimet të cilat nuk janë marrë parasysh dhe pse

Мислењата на засегнати страни и надлежните институции ќе бидат разгледани и земени во предвид во подоцнежна фаза од проценката на влијанието на регулативата.
Mendimet e palëve të interesuara dhe institucioneve kompetente do të shqyrtohen dhe merren parasysh në fazë të mëvonshme të vlerësimit të ndikimit të rregullativës.

## 6. Заклучоци и препорачано решение
## 6. Përfundime dhe zgjidhje e rekomanduar

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)
6.1 Pasqyrë krahasuese e ndikimeve pozitive dhe negative e zgjidhjeve (opsione) të mundshme

Позитивни: Евидентно е дека Република Северна Македонија има потреба од усогласување на своето национално законодавство со европското законодавство во областа на метрологијата и дигитализацијата на процесите и услугите кои им се даваат на граѓаните и правните лица од страна на институциите ,односно создавање на правна рамка која ќе ги пополни празнините на досегашното законодавство. На подрачјето на усогласување, решението кое се предлага треба да придонесе кон создавање на политика кое ќе придонесе за унифицирање на целокупниот процес на дигитализација од страна на сите засегнати страни,а со самото тоа давање на квалитетни услуги на граѓаните и правните лица.
Негативни: нема.

Pozitive: Është evidente se Republika e Maqedonisë së Veriut duhet të harmonizojë legjislacionin e saj kombëtar me legjislacionin evropian në fushën e metrologjisë dhe digjitalizimit të proceseve dhe shërbimeve që u ofrohen qytetarëve dhe personave juridikë nga institucionet, gjegjësisht krijimi i një kornize ligjore që do të plotësojë zbrazëtirat e legjislacionit të deritanishëm. Në fushën e harmonizimit, zgjidhja e propozuar duhet të kontribuojë në krijimin e një politike që do të kontribuojë në unifikimin e të gjithë procesit të digjitalizimit nga të gjitha palët e interesuara, duke ofruar shërbime cilësore për qytetarët dhe subjektet juridike.
Negative: Nuk ka.

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)
6.2 Rreziqe në zbatimin dhe aplikimin e secilës prej zgjidhjeve (opsioneve) të mundshme

Ризикот постои во спроведувањето на законските решенија заради недостиг на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, како и ризик на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги и Националната платформа за интероперабилност.

**Влада на Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**MINISTRIA E EKONOMISE**

Ekziston rreziku në zbatimin e zgjidhjeve ligjore për shkak të mungesës së inspektorëve që do të ushtrojnë inspektimet, si dhe rrezikut i funksionalitetit të Portalit kombëtar për shërbimet elektronike dhe të platformës kombëtare të interoperabilitetit.

6.3 Препорачано решение со образложение

6.3 Zgjidhje e rekomanduar me arsyetim

Донесување на нов Закон за метрологијата со кој ќе се обезбеди високо ниво на заштита на здравјето на граѓаните и на животната средина при дефинирање и спроведување на политиките и активностите во областа на метрологијата и да се постигне високо ниво на заштита на потрошувачите преку мерките кои се донесени во врска со надзорот над прометот и употребата на мерилата во пазарот на Република Северна Македонија. Дополнително, ќе се осигури дека мерилата се безбедни, исправни и во согласност со општите барања за метролошки надзор; ќе се обезбеди заштита на животната средина од ризиците кои би можеле да произлезат од неквалитни нафтени деривати и горива за транспорт; унифицираност на примена на одредени мерила и ознаки на пакувања на производите; следливост на сообразноста на мерилата со општите и поединечните барања за метролошки надзор и да се обезбеди високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и на животната средина, преку оценување на ризиците поврзани со пласирање и употреба на мерила, со истовремено подобрување на функционирањето на пазарот преку хармонизација на правилата за пласирање на пазарот на мерилата.

Miratimi i Ligjit të ri për metrologjinë që do të sigurojë nivel të lartë të mbrojtjes së shëndetit të qytetarëve dhe mjedisit jetësor gjatë përcaktimit dhe zbatimit të politikave dhe aktiviteteve në fushën e metrologjisë dhe të arrihet nivel i lartë i mbrojtjes së konsumatorit përmes masave që janë miratuar lidhur me mbikëqyrjen e qarkullimit dhe përdorimit të matësve në tregun e Republikës së Maqedonisë së Veriut. Përveç kësaj, do të sigurohet që matësit të jenë të sigurt, në rregull dhe në përputhje me kërkesat e përgjithshme për mbikëqyrjen metrologjike; do të sigurohet mbrojtja e mjedisit nga rreziqet që mund të dalin nga derivatet e naftës dhe karburantet jocilësore për transport; unifikimin e zbatimit të matësve dhe shenjave të caktuara në paketimet e produkteve; ndjekja e konformitetit të masave me kërkesat e përgjithshme dhe individuale për mbikëqyrjen metrologjike dhe të sigurohet nivel i lartë i mbrojtjes së shëndetit të njerëzve dhe mjedisit jetësor, duke vlerësuar rreziqet që lidhen me vendosjen dhe përdorimin e matësve, duke përmirësuar njëkohësisht funksionimin e tregut përmes harmonizimit të rregullave për vendosjen e matësve në treg.

## 7. Спроведување на препорачаното решение
## 7. Zbatimi i zgjidhjes së rekomanduar

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

7.1 Nevoja për ndryshimin e ligjeve dhe rregullativës nënligjore në fushë ose fusha tjera të lidhura

Со донесување на предметниот закон, ќе се наметне потребата од донесување подзаконски акти.
Me miratimin e ligjit në fjalë do të imponohet nevoja e miratimit të akteve nënligjore.

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

7.2 Akte nënligjore të nevojshme dhe afati për sjelljen e tyre

За спроведување на предлог законот, согласно предложените одредбите потребно е да се донесат следните подзаконски акти и тоа:

1) Годишна програма за одржување и развој на метролошкиот систем -член 10 став (1);.
2) Правилник за начинот на спроведување на оценувањето -член 26 став (7);
3) Правилник за вредноста на бодот на основната плата -член 27 став (2));
4) Кодексот на однесување -член 29 став (2));
5) Правилник за дефинициите, имињата и симболите, подрачјето и начинот на примена, обврската за употреба и начин на пишување на законските мерни единици - член 46;
6) Правилник за поблиските услови за остварувањето, чувањето и одржувањето на националните еталони и условите за признавање на референтните еталони за национални еталони.- член 48 ;

7) Правилник за начинот и постапката за реализација, чување и одржување на сертифицираните референтни материјали- член 51;
8) Правилник за суштествените барања кои треба да ги исполнуваат определени мерила пред нивното пуштање во промет или ставање во употреба, видот и намените на мерилата, означувањето на мерилата , видот на документите кои го следат мерилото кога се пушта во промет или се става во употреба, употребата на хармонизираните стандарди, нормативни документи и технички спецификации, содржината на потребната техничка документација и начинот на известување за пуштање на мерилата во употреба- член 53 став (4);
9) Правилник за формата и содржината на барањето и пропратната документација, начинот за оцена на сообразноста на типот на мерилата, задолжителноста за примена на одреден метод за соодветен тип на мерило како и видот на методот, одредени методи или одредена комбинација на методи за оцена на сообразноста на типот на мерилата и оперативните обврски на телата за оцена на сообразноста- член 65 став (6);
10) Правилник за содржината и формата на сертификатите за сообразност на типот на мерилата -член 67 став (6);
Правилник за формата и содржината на ознаката за сообразност CE и дополнителна метролошка ознака и начинот на нивно прикачување-член 68 став (5);
11) Правилник за категориите и видовите на мерила за кои е задолжителна верификацијата, постапките за верификација, роковите на периодичната верификација, како и категориите и видови мерила за кои може да се добие овластување за верификација-член 75;
12) Правилник видовите и формите на ознаките,жиговите и пломбите кои се користат при верификација на мерилата, како и содржината и формата на сертификатот за верификација - член 77 став (1);
13) Правилник за Поблискиоте услови за овластување на правно лице за периодична и вонредна верификација на одредени видови на мерила, како и за подготовка на верификација постапката за овластување на правното лице, задачите на овластеното правно лице и оцената на исполнетоста на барањата за овластување- член 78 став (10);
14) Правилник формата и содржината на барањата за добивање на овластување за подготовка за верификација и барање за добивање на овластување за верификација на мерила- член 78 став (16);
15) Правилник за формата и содржината и начинот на водењето на Регистерот -член 78 став (18);
16) Правилник за формата и содржината на информацијата од член 80 став (7), како и содржината на информацијата од член 81 став (3) од овој закон -член 80 став (8);
17) Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од член 84 став (1) , како и формата и содржината на решенијата од ставовите (3) и (4) на овој член- член 84 став (5);
18) Правилник за начинот на утврдување на квалитативните својства на нафтените деривати и горивата за транспорт-член 85 став (4);.
19) Правилник за формата и содржината на барањето од член 86 став (3), поблиските услови кои треба да ги исполнува правното лице од став (2) од овој член, постапката за овластувањето на правното лице, задачите на овластеното правно лице и оцената на исполнетоста на барањата за овластување-член 186 став (8);
20) Правилник за формата и содржината и начинот на водењето на Регистарот- член 86 став (10);
21) Правилник за начинот и постапката на вршење на метролошкиот надзор и барањата кои пакуваните производи треба да ги исполнуваат по однос на количините, начинот за означување на количините и дозволените отстапувања од означената количина и листата на номиналните количини на пакуваните производи како и суштествените барања за шишињата што се користат како мерни садови-член 88 став (2);
22) Одлука за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот од член 90 став (1)- член 90 став (2);

23) Правилник за начинот и постапката на инспекцискиот надзор што го врши Бирото -член 95 став (1) и
24) Правилник за формата и содржината на образецот на легитимацијата, како и начинот на издавање и одземање- член 96 став (3).

Për zbatimin e propozimi ligjit, sipas dispozitave të propozuara, është e nevojshme të miratohen aktet nënligjore si vijon, edhe atë:
1) Programi vjetor për mirëmbajtjen dhe zhvillimin e sistemit metrologjik – neni 10 paragrafi (1);.
2) Rregullore për mënyrën e zbatimit të notimit – neni 26 paragrafi (7);
3) Rregullore për vlerën e pikës se pagës themelore – neni 27 paragrafi (2));
4) Kodi i sjelljes - neni 29 paragrafi (2));
5) Rregullore për përkufizimet, emrat dhe simbolet, rajonin dhe mënyrën e zbatimit,. Detyrimi për përdorim dhe mënyrën e shkrimit të njësive matëse ligjore – neni 46;
6) Rregullore për kushtet më të afërta për realizimin, ruajtjen dhe mirëmbajtjen e etalonëve kombëtarë dhe kushteve për njohjen e etalonëve referent për etalonët kombëtarë.- neni 48 ;
7) Rregullore për mënyrën dhe procedurën e realizimit, ruajtje dhe mirëmbajtje të materialeve të certifikuara referente – neni 51;
8) Rregullore për kërkesat substanciale që duhet t'i përmbushin matësit e përcaktuar para hedhjes së tyre në qarkullim ose vënies në përdorim, lloji dhe dedikimet e matësve, shënimi i matësve, lloji i dokumenteve që e ndjekin matësin kur hideht në qarkullim ose vihet në përdorim, përdorimi i standardeve të harmonizuara, dokumente normative dhe specifikime teknike, përmbajtja e dokumentacionit të nevojshëm teknik dhe mënyra e njoftimit për vënien në përdorim të matësve – neni 53 paragrafi (4);
9) Rregullore për formën dhe përmbajtjen e kërkesës dhe dokumentacionit shoqërues, mënyrë e vlerësimit të konformitetit të llojit të matësve, të detyrueshëm për zbatimin e metodës së caktuar për lloj përkatës të matësit si dhe llojin e metodës, metoda të caktuara ose kombinim i caktuar i metodave për notimin e konformitetit të llojit të matësve dhe detyrimet operative të trupave për notimin e konformitetit – neni 65 paragrafi (6);
10) Rregullore për përmbajtjen dhe formën e certifikatave për konformistet të llojit të matësve – neni 67 paragrafi (6);
Rregullore për formën dhe përmbajtjen e shenjës së konformitetit CE dhe dhe shenjë plotësuese metrologjike dhe mënyra e ngjitjes së tyre – neni 68 paragrafi (5);
11) Rregullore për kategoritë dhe llojet e matësve për të cilët është i domosdoshëm verifikimi, procedurat për verifikim, afatet e verifikimit periodik, si dhe kategoritë dhe llojet e matësve për të cilët mund të merret autorizim për verifikim - neni 75;
12) Rregullore për llojet dhe format e markave, shenjave dhe vulave që përdoren gjatë verifikimit të matësve, si dhe përmbajtja dhe forma e certifikatës për verifikim – neni 77 paragrafi (1);
13) Rregullore për Kushtet më të afërta për autorizimin e personit juridik për verifikim periodik dhe të jashtëzakonshëm të llojeve të caktuara të matësve, si dhe për përgatitjen e verifikimit të procedurës për autorizimin e personit juridik, detyrat e personit të autorizuar juridik dhe vlerësimit të përmbushjes së kërkesave për autorizim – neni 78 paragrafi (10);
14) Rregullore për formën dhe përmbajtjen e kërkesave për marrjen e autorizimeve për përgatitjen e verifikimit dhe kërkesë për marrjen e autorizimit për verifikimin e matësve – neni 78 paragrafi (16);
15) Rregullore për formën dhe përmbajtjen dhe mënyrën e udhëheqjes së Regjistrit – neni 78 paragrafi (18);
16) Rregullore për formën dhe përmbajtjen e informacionit nga neni 80 paragrafi (7), si dhe përmbajtja e informacionit nga neni 81 paragrafi (3) nga ky ligji – neni 80 paragrafi (8);
17) Rregullore për formën, përmbajtjen dhe mënyrën e udhëheqjes së Regjistrit nga neni 84 paragrafi (1), si dhe formën dhe përmbajtjen e zgjidhjeve nga paragrafët (3) dhe (4) të këtij neni – neni 84 paragrafi (5);
18) Rregullore për mënyrën e përcaktimit të veçorive cilësore të derivateve të naftës dhe karburanteve për transport – neni 85 paragrafi (4);.

19) Rregullore për formën dhe përmbajtjen e kërkesës nga neni 86 paragrafi (3), kushtet më të afërta që duhet t'i përmbushë personi juridik nga paragrafi (2) i këtij neni, procedura për autorizimin e personit juridik, detyrat e personit të autorizuar juridik dhe vlerësimi i përmbushjes së kërkesës për autorizim – neni 186 paragrafi (8);
20) Rregullore për formën dhe përmbajtjen dhe mënyrën e udhëheqjes së Regjistrit – neni 86 paragrafi (10);
21) Rregullore për mënyrën dhe procedurën e ushtrimit të mbikëqyrjes metrologjike dhe kërkesat që produktet e paketuara duhet t'i përmbushin në raport me sasitë, mënyrën e shënimit të sasive të produkteve të paketuara, si dhe kërkesat substanciale për shishet që përdoren si enë matëse – neni 88 paragrafi (2);
22) Vendim për lartësinë dhe mënyrën e arkëtimit të kompensimit nga neni 90 paragrafi (1)- neni 90 paragrafi (2);
23) Rregullore për mënyrën dhe procedurën e mbikëqyrjes inspektuese që e ushtron Byroja – neni 95 paragrafi (1) dhe
24) Rregullore për formën dhe përmbajtjen e formularit të legjitimacionit, si dhe mënyrën e lëshimit dhe heqjes – neni 96 paragrafi (3).

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за Спроведување

7.3 Organe të administratës shtetërore, organe shtetërore dhe organe tjera kompetente për zbatim

Надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за економија.
Mbikëqyrje të zbatimit të dispozitave nga ky ligj dhe rregulloret e miratuara në bazë të këtij ligji ushtron Ministria e Ekonomisë.
Инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на квалитетот на нафтените деривати и горива за транспорт пуштени на пазарот прометот и употребата на мерилата и пакуваните производи ги врши органот надлежен за работата на пазарната инспекција.
Mbikëqyrje inspektuese të zbatimit të dispozitave nga ky ligj dhe rregulloret e miratuar në bazë të këtij ligji në raport me cilësinë e derivateve të naftës dhe karburanteve për transport të lëshuara në treg qarkullimi dhe përdorimi i matësve dhe produkteve të paketuara ushtron organi kompetent për punën e inspektoratit të tregut.
Инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој и други закони по однос на употребата на законските мерни единици, исполнетоста на условите за остварување чување и одржување на националните еталони и употребата на мерилата врши Бирото за метрологија.
Mbikëqyrje inspektuese të zbatimit të dispozitave nga ky ligj dhe rregulloret e miratuar në bazë të këtij dhe ligjeve të tjera në raport me përdorimin e njësive ligjore matëse, përmbushja e kushteve për realizimin, ruajtjen dhe mirëmbajtjen e etalonëve kombëtarë dhe përdorimin e ma derivateve të naftës dhe karburanteve për transport të lëshuara në treg qarkullimi dhe përdorimit të matësve ushtron Byroja për metrologji.

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на Закон

7.4 Aktivitete për sigurimin e zbatimit efikas të Propozim ligjit

Министерство за економија органот надлежен за работата на пазарната инспекција и Бирото за метрологија ќе преземат активности за целосна имплементација на предметните решенија. (организирање на обуки)
Ministria e Ekonomisë organi kompetent për punën e inspektoratit të tregut dhe Byrosë për metrologji do të ndërmarrin aktivitete për implementimin e plotë të zgjidhjeve në fjalë. (organizim të trajnimeve)

**8. Следење и евалуација**
**8. Monitorimi dhe vlerësimi**

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**MINISTRIA E EKONOMISE**

8.1 Начин на следење на спроведувањето
8.1 Mënyra e monitorimit të zbatimit

Министерството за економија органот надлежен за работата на пазарната инспекција и Бирото за метрологија ќе го следат спроведувањето на законот преку преземање на сите соодветни активности во насока на исполнување на обврските кои произлегуваат од предложеното законско решение како и водење на потребната евиденција согласно Законот за прекршоци.
Ministria e Ekonomisë, organi përgjegjës për punën Inspektoratit të tregut dhe Byrosë së metrologjisë do të monitorojnë zbatimin e ligjit duke ndërmarrë të gjitha aktivitetet e duhura në drejtim të përmbushjes së detyrimeve që rezuktojnë nga zgjidhja e propozuar ligjore si dhe mbajtje të evidencës së nevojshme në përputhje me Ligjin për kundërvajtje.

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови
8.2 Vlerësimi i efekteve të Projektligjit dhe afateve

Република Северна Македонија како земја кандидат за влез во ЕУ потребно е да го усогласи своето законодавство со она на ЕУ, како и да обезбеди примена на истото преку постигнување на целите и стандардите утвдени во истото. Во таа насока, во предлог законот се транспонираат одредбите од Директивата 2014/31/ЕУ и Директивата 2014/32/ЕУ. Воедно, со овој предлог закон се воспоставува правна рамка која ќе овозможува понатамошно транспонирање на законодавството на ЕУ од ова област, во подзаконските акти предвидени да се донесат врз основа на овој закон.
Republika e Maqedonisë së Veriut, si vend kandidat për hyrje në BE, duhet të harmonizojë legjislacionin e saj me atë të BE-së, si dhe të sigurojë zbatimin e tij duke arritur qëllimet dhe standardet e përcaktuara në të njëjtën. Në këtë drejtim, në propozin ligjin transponohen dispozitat e Direktivës 2014/31/BE dhe Direktivës 2014/32/BE. Njëherësh, me këtë ligj vendoset kornizë juridike që do të mundësojë transponim i mëtejshëm i legjislacionit të BE-së në këtë fushë, në aktet nënligjore që parashikohen të miratohen në bazë të këtij ligji.
Со донесувањето и спроведувањето на овој закон, истотака ќе се придонесе кон подобрување на работењето на Бирото за метрологија, ќе се опесни пристапот за увоз и пласман на мерила и поефективно спроведување на метролошкиот надзор.
Me miratimin dhe zbatimin e këtij ligji gjithashtu do të kontribuohet drejt përmirësimit të punës së Byrosë së metrologjisë, do të lehtësohet qasja ndaj importit dhe vendosjes së matësve dhe zbatimi më efektiv i mbikëqyrjes metrologjike.

**Изјава од државниот секретар**
**Deklarata e sekretarit shtetëror**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**
**Drafti i raportit për vlerësimin e ndikimit të rregullativës është përpiluar në përputhje me Metodologjinë për vlerësimin e ndikimit të rregullativës. Ai u jep vlerësim real ndikimeve të mundshme dhe efekteve të pritura, si dhe shpenzimet që lidhen me secilën nga zgjidhjet (opsionet) e përcaktuara të mundshme për zgjidhjen e problemit.**

**Датум:/ Data:** 15-07-2022

**Размена Чекиќ Дуровиќ**
**потпис на Државен Секретар**
**nënshkrimi i Sekretarit Shtetëror**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup